Република Северна Македонија
Казнено-поправна установа
ЗАТВОР
Бр. 01-523/1
11. 12. 2025 год.
ГЕВГЕЛИЈА

Република Северна Македонија

**Министерство за правда**
**Управа за извршување на санкциите**
**КПУ Затвор Гевгелија**

Република Северна Македонија - Republika e Maqedonisë së Veriut
МИНИСТЕРСТВО ЗА ПРАВДА
Управа за извршување на санкциите - Скопје
MINISTRIA E DREJTËSISË
Drejtoria për ekzekutimin e sanksioneve - Shkup

| Примено: Pranuar: | 17-12-2025 | | |
|---|---|---|---|
| Орг. единица Njësia Org | Број Numri | Прилог: Shtojca: | Вредност: Vlera: |
| 06 | 2093/3 | | |

# ГОДИШНА ПРОГРАМА
## ЗА РАБОТА НА КПУ ЗАТВОР ГЕВГЕЛИЈА ЗА 2026 ГОДИНА

Арх. знак
Nr. ark. ______
Рок на чување
Afati i ruajtjes ______
______ 20____ година / viti
Потпис / Nënshkrimi ______

Декември 2025


Министерство за правда
Управа за извршување на санкциите
**КПУ Затвор Гевгелија**

Ул. „Димитрие Чуповски " бр. 9, Скопје
Република Северна Македонија
**Ул. Димо Хаџидимов бр.125, Гевгелија**

+389 2 3128059
www.pravda.gov.mk
**+389 34 213389 - КПУ**
**kpu.zat.gevg@gmail.com**
kpu.Gevgelija@justice.gov.mk

ВОВЕД

КПУ Затвор Гевгелија е установа во состав на Министерството за правда во својство на правно лице чија функција е да врши работи кои се однесуваат на извршувањето на санкциите изречени за кривични дела. Со Законот за извршување на санкциите ("Службен весник на РСМ" 99/19, 220/19, 236/22 и 74/24) регулирана е организацијата и надлежноста на установата како Казнено-поправна установа (затвор) од полуотворен вид за издржување на казната затвор до 3 (три) години за примарни сторители и за повторници до 1 (една ) година, како и за извршување на мерка притвор.

Основна функција на установата е процесот на ресоцијализација на осудените лица, со цел извршувањето на казната затвор осудените лица да ги оспособи да се вклучат во општеството со најдобри изгледи за самостоен живот.

Капацитетот на установата согласно законот и стандардите на ЦПТ изнесува 64 осудени лица и 12 притворени лица, распоредени на следниов начин:

- 45 осудени лица во (отворено и полуотворено одделение во спални/соби: 3 x 10 лица; 1 x 8 лица; 1 x 7 лица);
- 11 осудени лица во приемно одделение (спални/соби: 1 x 6 лица; 1 x 5 лица);
- 5 осудени лица во изолација ( спална/соба за изолација: 1 x 5 лица);
- 3 осудени лица на економија ( спална/соба: 1 x 2 лица ; 1 x 1 лице); и
- 12 притворени лица во притворско одделение (ќелии/соби: 6 x 2 лица).

НАДЛЕЖНОСТИ НА УСТАНОВАТА

Во рамките на делокругот за работа утврдени се функциите на установата:

- да го организира, спроведува и врши извршувањето на санкциите за кривични дела за осудени лица со парвосилна пресуда на казна затвор за примарни сторители до 3 (три) години и со правосилна пресуда на казна затвор за повторници до 1 (една ) година за подрачјето на основните судови: Гевгелија, Кавадарци и Неготино;
- да го организира, спроведува и врши извршувањето на санкциите за кривични дела за притворени лица за подрачјето на основните судови: Гевгелија, Кавадарци и Неготино, за што има основано посебно одделение за извршување на мерката притвор;
- да обезбедува и организира континуирана обука на вработените во установата; и
- да соработува со други државни органи, установи, здруженија и организации кои се занимаваат со проблемите на извршувањето на санкциите.

Установата извршувањето на санкциите односно изречените казни затвор и мерки притвор, ги спроведува согласно:

- Законот за извршување на санкциите;
- Правилникот за куќен ред за осудените лица кои издржуваат казна затвор во казнено-поправна установа затвор Гевгелија ( Бр. 01-293/1 од 24.06.2020г.);
- Правилникот за куќен ред за извршување на мерката притвор во притворското одделение во казнено-поправна установа Затвор Гевгелија ( Бр. 01-350/1 од 18.08.2020г.); и
- Препораки на домашните и меѓународните органи и институции.


Министерство за правда
Управа за извршување на санкциите
**КПУ Затвор Гевгелија**

Ул. „Димитрие Чуповски " бр. 9, Скопје
Република Северна Македонија
**Ул. Димо Хаџидимов бр.125, Гевгелија**

+389 2 3128059
www.pravda.gov.mk
**+389 34 213389 - КПУ**
**kpu.zat.gevg@gmail.com**
kpu.Gevgelija@justice.gov.mk

Установата за своето работење обезбедува финансиски средства од Буџетот на РСМ како единка-корсник преку Управата за извршување на санкциите која е буџетски корисник.

ОРГАНИЗАЦИОНА ПОСТАВЕНОСТ, КАДРОВСКА ЕКИПИРАНОСТ И РАБОТНИ ЗАДАЧИ

Во Казнено-поправната установа КПУ Затвор Гевгелија работите од делокругот на надлежностите ќе се извршуваат согласно Правилникот за систематизација на работните места Бр.01-905/5 од 06.07.2023 година, преку следните организирани одделенија:

| **Ред. Бр.** | **Шифра** | **Звање** | **Назив на рабтно масто** | **Број на пополнети работни места** |
|---|---|---|---|---|
| **ОДДЕЛЕНИЕ ЗА РЕСОЦИЈАЛИЗАЦИЈА** | | | | |
| 1 | УПР 01 01 В02 000 | Виш соработник | Виш соработник за подршка на прием и отпуст на осудени и притворени лица | 1 |
| 2 | УПР 01 01 В03 000 | Соработник | Соработник за групен третман на осудени лица | 1 |
| **ОДДЕЛЕНИЕ ЗА ПРАВНИ И ОПШТИ РАБОТИ** | | | | |
| 3 | УПР 01 01 В01 000 | Советник | Советник за правна помош и анализа | 1 |
| **ОДДЕЛЕНИЕ ЗА ФИНАНСИСКИ ПРАШАЊА** | | | | |
| 4 | УПР 01 01 В04 000 | Помлад соработник | Буџетска контрола и административни работи | 1 |
| 5 | УПР 01 01 Г01 000 | Самостоен референт | Самостоен референт за благајничко работење | 1 |
| **ОДДЕЛЕНИЕ ЗА ФИНАНСИСКИ ПРАШАЊА, ПОМОШНО-ТЕХНИЧКИ ПЕРСОНАЛ** | | | | |
| 6 | УПР 04 05 А02 001 | Магационер/домаќин | Магационер/домаќин | 1 |
| 7 | УПР 04 04 А01 001 | Готвач | Готвач | 1 |
| **ЗАТВОРСКА ПОЛИЦИЈА** | | | | |
| 8 | ЗАТ 02 04 Б03 002 | Главен командир | Главен командир на затворска полиција | 1 |
| 9 | ЗАТ 02 04 В03 002 | Помлад соработник во затворска полиција | Помлад соработник во затворска полиција | 1 |
| 10 | ЗАТ 02 04 Г01 001 | Виш затворски полицаец | Виш затворски полицаец | 15 |
| 11 | ЗАТ 02 04 Г02 001 | Постар затворски полицаец | Постар затворски полицаец | 1 |
| **ИЗВРШИТЕЛИ ВКУПНО** | | | | **25** |

Со оглед на сложеноста и обемот на работите во функција на извршување на санкциите, за успешно извршување на казната затвор особено на спроведување на процесот на ресоцијализација, и поради тоа што во установата не постои целосна кадровска екипираност со соодветни и стручни кадри ( слабата екипираност на затворска полиција, не пополнети работни места во одделението за ресоцијализација: психолог, матично, инструктор за практична обука на осудени лица и во другите одделенија), директорот и вработените во одделението за ресоцијализација (само 2-две вработени лица) ќе ги извршуваат сите работи од делокругот на ресоцијализацијата (остварување на воспитниот процес и координирање на работите на


Министерство за правда
Управа за извршување на санкциите
**КПУ Затвор Гевгелија**

Ул. „Димитрие Чуповски " бр. 9, Скопје
Република Северна Македонија
**Ул. Димо Хаџидимов бр.125, Гевгелија**

+389 2 3128059
www.pravda.gov.mk
**+389 34 213389 - КПУ**
**kpu.zat.gevg@gmail.com**
kpu.Gevgelija@justice.gov.mk

воспитувањето, образованието, постапувањето со нив во текот на издржувањето на казната, и оспособувањето да се вклучат во општеството со најдобри изгледи за самостоен живот. По наредба на директорот на установата еден дел од работите од делокругот на ресоцијализацијата ќе извршува и затворската полиција.

Вработените во другите одделенија ќе ги извршуваат работните задачи и обврски кои се опишани во Правилникот за систематизираните работни места, како и по барање и наредба на директорот на установата.

Припадниците на затворската полиција ќе ги извршуваат работните задачи и обврски кои се опишани во Правилникот за систематизираните работни места, како и по барање и наредба на претпоставените (главен командир и одговорни/водачи на смени) и директорот на установата. Основна задача на вработените во затворската полиција е внатрешно и надворешно обезбедување на установата-обезбедување на објектите и вработените во установата осудените и притворените лица, спроведување на куќните редови, спречување на бегства, одржување на внатрешниот ред и дисциплина во установата-непрекинато 24 часа, и спроведување на осудените и притворените лица.

РАБОТА НА УСТАНОВАТА И АКТИВНОСТИ КОИ ТРЕБА ДА СЕ РЕАЛИЗИРААТ ВО 2026 Г.

Со оглед на сложеноста и обемот на работите во функција на извршување годишната програма за работа на установата за 2026 година, и покрај фактот дека во установата не постои целосна кадровска екипираност со соодветни и стручни кадри за успешно извршување на истата, установата ќе работи согласно и врз основа на: законските акти, подзаконските акти (правилници, решенија), годишните програми, годишните планови, интерните акти (одлуки, решенија и наредби), насоките од Управата за извршување на санкциите, и другите дописи на останатите државни институции и органи.

Покрај погоре наведените правни акти, за да работи и функционира установата пред се ќе се раководи да ги изврши и ќе работи на реализација на:

- Буџетот за 2026 година - на буџетската сметка, одобрен од УИС;
- Планот за буџетската сметка на сопствени приходи - за 2026 година;
- Годишниот План за вработување за 2026 година во КПУ Затвор Гевгелија;
- Годишниот План за јавни набавки за 2026 година на КПУ Затвор Гевгелија;
- Програма за финансирање на изградба, реконструкција, одржување на објекти и опремување на казнено поправните и воспитно поправните установи во 2026 година;
- Годишниот план за спречување на корупцијата за 2026 година во КПУ Затвор Гевгелија;
- Годишниот план за работа на стопанската единица ТОПЛИК, која е во состав на установата:
- Годишниот план за спроведување на обуки за 2026 година, за вработените во установата;
- Известувања, Барања, Извештаи, забелешки, препораки и насоки, записници, решенија, наредби и други документи на: државните органи и институции (Влада на РСМ, Министерство за правда, Претседател на РСМ, Управа за извршување на санкциите, Народен правобранител на РСМ, Државна Изборна Комисија на РСМ, Судови, Основни јавни обвинителства, други КПУ/КПД/ВПД, Управна инспекција, Државен архив на РСМ, и


Министерство за правда
Управа за извршување на санкциите
**КПУ Затвор Гевгелија**
Ул. „Димитрие Чуповски " бр. 9, Скопје
Република Северна Македонија
**Ул. Димо Хаџидимов бр.125, Гевгелија**
+389 2 3128059
www.pravda.gov.mk
**+389 34 213389 - КПУ**
**kpu.zat.gevg@gmail.com**
kpu.Gevgelija@justice.gov.mk

другu), како и на меѓународните организации, институции и органи (Хелсиншки комитет за човекови права, ЦПТ и други); и

- Извршување на склучените Договори на установата со правни и физички лица за авторски-интелектуални (други договорни) услуги за 2026 година.

ПОДОБРУВАЊЕ НА УСЛОВИТЕ ВО СМЕСТУВАЧКИТЕ КАПАЦИТЕТИ НА УСТАНОВАТА

Подобрување на условите во сместувачките капацитети во установата ќе се реализира преку:

- Прегледот на Годишниот план за одржување на постојните објекти за 2026 година во КПУ Затвор Гевгелија;
- Програмата за финансирање на изградба, реконструкција, одржување на објекти и опремување на казнено поправните и воспитно поправните установи во 2026 година (доколку се издвојат финансиски средства од Владата на РСМ за установата); и
- Годишниот план за реализација на капитални инвестиции во текот на 2026 година во КПУ Затвор Гевгелија.

ЗАЈАКНУВАЊЕ НА КАПАЦИТЕТИТЕ НА ВРАБОТЕНИТЕ ВО УСТАНОВАТА

Зајакнувањето на капацитетите на вработените во установата ќе се реализира преку:

- Реализација на вработувања и унапредувања на вработените согласно Годишниот план за вработување за 2026 година на КПУ Затвор Гевгелија, доколку се добијат согласности за одобрување на финансиски средства од Министерството за финансии за вработувања на неопределено време, како и за интерни унапредувања и прераспоредувања на вработените во установата.

Процентот на реализација на Годишната програма за работа на КПУ Затвор Гевгелија за 2026 година, зависи од претходно обезбедените финансиски средства (кои се обезбедуваат со годишниот буџет и преку самофинансирачките активности на установата), како и од динамиката на приливот на потребните финансиски средства во тековната фискална 2026 година.

КПУ Затвор Гевгелија
Директор
Слаѓана Стаменковска


Министерство за правда
Управа за извршување на санкциите
**КПУ Затвор Гевгелија**

Ул. „Димитрие Чуповски " бр. 9, Скопје
Република Северна Македонија
**Ул. Димо Хаџидимов бр.125, Гевгелија**

+389 2 3128059
www.pravda.gov.mk
**+389 34 213389 - КПУ**
**kpu.zat.gevg@gmail.com**
kpu.Gevgelija@justice.gov.mk